**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**С О Б Р А Н И Е**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Број 36-3394/2
31.07. 2012 год.
Скопје

**ДО**
**Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на Р. Македонија**
**ул. Максим Горки бр.20/1-4**
1000 Скопје

**Предмет:** Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Во врска со Вашето барање врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, број 36-3394/1 од 19.07.2012 година, во прилог Ви се доставува фотокопија од Заклучок на Собранието по барање за давање автентично толкување.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА**
Жарко Денковски

Прилог: како во текстот

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**С О Б Р А Н И Е**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
Број 07-1063/59
17 април 2012 година
**С к о п ј е**

**До г-дин Дарко Димитриески, пратеник во Собранието на Република Македонија**

Ве известувам дека Собранието на Република Македонија на продолжението на Дваесет и шестата седница, одржана на 12 април 2012 година го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 1 став 4, во врска со член 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, поднесено од пратеникот Дарко Димитриески и врз основа на претресот го усвои следниов

З А К Л У Ч О К

1.Собранието констатира дека Барањето за давање автентично толкување на член 1 став 4, во врска со член 11 став 1 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, поднесено од пратеникот Дарко Димитриески не е оправдано и нема потреба од автентично толкување на овој член од законот, од причините содржани во Извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

2.Овој заклучок заедно со извештајот на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да се достави до пратеникот Дарко Димитриески.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА**
**МАКЕДОНИЈА,**
Трајко Вељаноски

Подготвил: Билјана Ангеловска
Контролирал: Снежана Ристовска
Одобрил:Љатиф Љатифи